**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИТЕТ ЗА РЕВИЗИЈА**

# Извештај за работењето на Комитетот за ревизија за 2022 година (резиме)

април 2023 година

## Вовед

Во текот на 2022 година, Комитетот за ревизија (Комитетот) продолжи со своите редовни активности врз основа на донесените акти и практики со коишто е регулирано неговото работење. Комитетот ги вршеше своите надзорни активности преку одржување седници, на коишто го следеше работењето на Дирекцијата за внатрешна ревизија, Дирекцијата за финансии, сметководство и контрола, Канцеларијата за стратегија и превенција како и процесот извршување надворешна ревизија на сметководственото работење и финансиското известување на Народната банка.

На овие седници, Комитетот редовно беше информиран за областите коишто ги надгледува, во доменот на сметководствените политики и финансиското известување, внатрешната и надворешната ревизија, внатрешните контроли и усогласеноста на работењето со законските и подзаконските акти. За подетално запознавање со одредени прашања, членовите на Комитетот бараа дополнителни информации и состаноци.

## Членови на Комитетот за ревизија

Согласно со Одлуката за назначување членови на Комитетот за ревизија О бр. 02-15/XIX-2/2021, од 3 декември 2021 година, Комитетот за ревизија, во текот на 2022 година работеше во состав од тројца неизвршни членови на Советот на Народната банка:

- д-р Синиша Наумоски, неизвршен член на Советот на Народната банка и претседател на Комитетот;
- д-р Гадаф Реџепи, неизвршен член на Советот; и
- д-р Никола Поповски, неизвршен член на Советот.

## Седници на Комитетот за ревизија

Комитетот за ревизија одржа осум седници во 2022 година, на кои се разгледуваа прашањата коишто спаѓаат во доменот на Комитетот за ревизија, согласно актите на Народната банка, Деловникот за работа на Комитетот за ревизија и Одлуката за формирање на Комитет за ревизија и утврдување на неговиот делокруг на работа. На покана на Комитетот на седниците, по потреба присуствуваа: советникот на гувернерот, главниот внатрешен ревизор на Дирекцијата за внатрешна ревизија, директорот на Дирекцијата за финансии, сметководство и контрола, директорот на Дирекцијата за правни работи и претставници на надворешниот ревизор.

## Надгледување на работењето на Дирекција за внатрешна ревизија

Комитетот за ревизија на Народната банка го следеше работењето на Дирекцијата за внатрешна ревизија, ги разгледуваше извештаите на внатрешната ревизија, наодите и статусот на остварување на препораките дадени во ревизорските извештаи.

На редовна основа беа разгледувани извештаите и програмите за работа на Дирекцијата за внатрешна ревизија, и тоа:

- Извештајот за работењето на внатрешната ревизија во 2021 година;
- Извештајот за работењето на внатрешната ревизија во првото полугодие на 2022 година; и
- Програмата за работа на Дирекцијата за внатрешната ревизија за 2023 година и Среднорочната програма за работа на Дирекцијата за внатрешната ревизија за периодот 2023 - 2025 година.

## Надгледување на работењето на Дирекцијата за финансии, сметководство и контрола

Комитетот за ревизија на Народната банка од областа надгледување на сметководствените политики и финансиско известување, ги разгледа:

- Одлуката за одобрување на Годишната сметка и Финансиските извештаи на Народната банка на Република Северна Македонија за 2021 година; и
- Одлуката за распределување на финансискиот резултат за распределба за 2021 година на Народната банка на Република Северна Македонија за 2021 година.

Членовите на Комитетот за ревизија дадоа мислење до Советот на Народната банка дека се уверени во *соодветноста и ефективноста на процесот подготовка на Финансиските извештаи на Народната банка за 2021 година, при што се запазени сите нивоа на контроли, соодветни се сметководствените проценки и поврзаните обелоденувања и му предложија на Советот на Народната банка предложените Одлуки да ги усвои.*

## Надгледување на работењето на надворешната ревизија

Посебна активност во работењето на Комитетот беше следењето на работата на надворешната ревизија. Комитетот одржа седници со ревизорите од Друштвото за ревизија „ДИЛОИТ“ ДОО Скопје за финансиските извештаи за 2021 година и оствари добра комуникација со надворешните ревизори. Притоа, надворешниот ревизор го информираше Комитетот за спроведената ревизија на финансиските извештаи за 2021 година и нивната усогласеност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

Во Извештајот на независниот ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи на Народната банка за 2021 година беше дадено мислење без квалификации, односно мислење дека приложените финансиски извештаи објективно ја прикажуваат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Народната банка на 31 декември 2021 година, како и резултатите од работењето и паричните текови за годината во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување. *Членовите на Комитетот го прифатија Извештајот на независниот ревизор за извршена ревизија на Финансиските извештаи на Народната банка на Република Северна Македонија за 2021 година.*

Посебна активност во работењето на Комитетот за ревизија во 2022 година беше следењето на изборот на независно друштво за ревизија на Финансиските извештаи на Народната банка за период од пет години, и тоа за годините: 2022, 2023, 2024, 2025 и 2026 година. Комитетот за ревизија ги разгледа *Извештајот од спроведената постапка – Услуги за финансиска ревизија* и *Информацијата за текот на постапката за јавна набавка - Услуги за финансиска ревизија*, подготви мислење во врска со предлогот за избор на надворешно друштво за ревизија, според кое цени дека постапката за јавна набавка за избор на друштво за надворешна ревизија на Народната банка е спроведена во согласност со Политиката за избор, и му предложи на Советот на Народната банка да донесе Одлука за избор на најповолна понуда. Согласно со спроведената постапка за јавна набавка, надворешна ревизија на финансиските извештаи на Народната банка во наведените пет години ќе извршува Друштвото за ревизија „Грант Торнтон".

Комитетот за ревизија крајот на 2022 година, го следеше процесот на отпочнување надворешна ревизија за 2022 година, потврди дека се запазени принципите за независност при вршење на ревизијата за 2022 година и сè е согласно со Политиката за избор на друштво за надворешна ревизија на Финансиските извештаи на Народната банка. Исто така го одобри планот на активности за ревизијата на финансиските извештаи на Народната банка за 2022 година и ги разгледа препораките од извршената претходна ревизија на финансиските информации и системи за финансиско евидентирање на Народната банка, со состојба на и за деветмесечниот период што завршува на 30 септември 2022 година.

## Надгледување на работењето на Канцеларија за стратегија и превенција

Комитетот извршуваше надзорни активности во однос на воспоставениот систем на интерни контроли, рамката за управување со ризиците, со сигурноста на информацискиот систем и заштитата на личните податоци, како и со рамката за усогласеност на работењето со прописите при што, во текот на 2022 година беа разгледани и одобрени:

- Извештајот за управување со оперативните ризици во 2021 година;
- Годишниот извештај за усогласеноста на Народната банка со прописите за заштита на личните податоци за 2021 година;
- Извештајот за управувањето со оперативните ризици на Народната банка на Република Северна Македонија во првата половина од 2022 година.